ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 26 – 158/4**

**Дата: 08.03.2013**

**ДО**
**АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши тематска ревизија во Агенцијата за вработување на Република Македонија (во понатамошниот текст Агенција) во делот на Активните програми и мерки за вработување за 2011 година.

Извршена е ревизија на Активните програми и мерки за 2009 година и издадено е мислење без резерва. Констатираната состојба за ненавременото одлучување по поднесените барања за доделување на средства од Посебниот фонд е надмината, односно до денот на ревизијата останати се мал број нерешени предмети за кои се води жалбена постапка.

Врз основа на извршената ревизија заклучивме дека спроведувањето на активните програми и мерки за вработување во сите материјални аспекти, е во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Согласно Законот за вработување на инвалидни лица за сите вработени во заштитните друштва корисници на средства од Програмата за субвенционирање на вработување на инвалидни лица, Министерството за труд и социјална политика врши рефундација на платените придонеси за пензиско и инвалидско осигурување. Имајќи предвид дека не е извршена рефундација на придонесите за последните шест месеци а истите зафаќаат значајни

средства во работењето на друштвата, ревизијата е на мислење дека на овој начин се намалува ликвидноста на заштитните организации.

Од страна на ревизијата дадени се препораки со цел да се зголемат средствата за активните програми и мерки кои ќе овозможат вклучување на поголем број на невработени лица, како и со цел да се надмине проблемот со навременото рефундирање на средствата за исплатените придонеси од страна на работодавачите, а кои се однесуваат на инвалидни лица во заштитните друштва.

Од страна на одговорното лице во законски пропишаниот рок не се добиени забелешки на Нацрт извештајот.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме тематска ревизија во Агенцијата за вработување на Република Македонија (во понатамошниот текст Агенција) во делот на спроведување на активните програми и мерки за вработување за 2011 година.

1.2. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Државниот завод за ревизија има извршено ревизија на Активните програми и мерки за 2009 година и издадено е мислење без резерва.

1.4. Спроведувањето на активните програми и мерки за вработување се одговорност на директорот на Агенцијата - Влатко Поповски и на раководителите на Центрите за вработување на Агенцијата.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерните контроли во делот на спроведување на активните програми и мерки за вработување.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите во делот на спроведување на активните програми и мерки за вработување се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат заклучок за наведеното во точка 1.1. врз основа на извршената ревизија.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали спроведувањето на активните програми и мерки за вработување се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на Активните програми и мерки за вработување за 2011 година е да овозможи ревизорот да добие разумно уверување за тоа:

- дали спроведувањето на програмите во сите материјални аспекти, е во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики;

- какво е влијанието на активните програми и мерки врз намалувањето на невработените во целните групи.

2.2. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали:
- е обезбедено навремено и успешно спроведување на предвидените активни програми и мерки за вработување за 2011 година согласно Оперативниот план;
- точно се утврдени активностите на субјектите надлежни за имплементација на активните програми и мерки за вработување;
- се дефинирани целните групи, потребните средства и изворите на средства;
- активните програми и мерки за вработување обезбедуваат намалување на стапката на невработени лица во Република Македонија.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа за изнесените заклучоци. Информациите за извршената ревизија се добиени преку:
- анализа на релевантната законска регулатива која се однесува на активните програми и мерки за вработување како и активностите од областа на обезбедување услови за вработување на инвалидните лица;
- интервјуа со раководството, непосредните извршители како и претставникот на Канцеларијата на УНДП кои работат на оваа проблематика;
- посета на центрите за вработување и субјектите кои користат средства од програмите.

Проверката на спроведувањето на активните програми и мерки за вработување е извршена во Централната служба на Агенцијата и во Центрите за вработување Скопје, Велес, Куманово, Неготино и Штип .

Ревизијата од точка 1.1 погоре е планирана и извршена во периодот од 08.10 - 18.12.2012 година од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од 2009 година – спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на ОДР за 2009 година. Констатираната состојба за ненавременото одлучување по поднесените барања за доделување на средства од Посебниот фонд е надмината, односно до денот на ревизијата останати се мал број нерешени предмети за кои се води жалбена постапка.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок на 21.12.2012 година со раководството и одговорните лица на субјектот – предмет на ревизија.

Од страна на одговорното лице во законски пропишаниот рок не се добиени забелешки на Нацрт извештајот.

### 4.1. Активни програми и мерки за вработување

**Основни податоци:**

Политиките и стратегијата за вработување на Владата на Република Македонија и планираните активности за вработување и ублажување на невработеноста се утврдени во повеќе документи. Со владините документи[1] утврдени се макроекономски политики за вработување како и политики и мерки за создавање ефикасен систем на социјална заштита и продуктивно ангажирање на социјално загрозените категории. Заради успешно спроведување на мерките за вработување, секоја година се изготвува Оперативен план во кој се дефинираат видот на програмите и активните мерки за вработување, целните групи, потребните средства и извори на средства, како и конкретни активности на субјектите надлежни за имплементација на истите (Прилог 1).

Целта на изготвување на Оперативниот план е да се обезбеди навремено и успешно спроведување на предвидените активни програми и мерки за вработување за 2011 година. Имено, успешната реализација на активните програми и мерки за вработување ќе зависи од точно утврдените

[1] Програма на Влада на РМ 2008-2012, Национална стратегија за вработување 2010, Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост 2010-2020, Националната стратегија за млади на РМ„ Стратегија за демографски развој на РМ 2008-2015

активности на секој субјект, со точно утврдени рокови за спроведување на предвидените активности.

Секоја програма и мерка од Оперативниот план содржи: цел на програмата/мерката, целна група, опфат на корисници, потребни средства, извори на средства, надлежни институции за имплементација, услови и критериуми и планирани активности и период на реализација.

Агенцијата за вработување со своите активности придонесува во намалувањето на невработеноста, односно презема мерки и активности кои ќе придонесат да се зголемат вештините на лицата кои активно бараат работа и да се зголеми нивната конкурентност на пазарот на трудот со што ќе се зголемат нивните можности за побрзо вработување.

Согласно Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, средствата за финансирање на активните политики и мерки за вработување се обезбедуваат од:

- придонесот за вработување што го пресметува и уплатува работодавецот од бруто платата на работникот во висина од 5% и
- Буџетот на Република Македонија.

За вкупно десет програми предвидени во Оперативниот план за 2011 година планирани се 499.379 илјади денари, кои се распределени по програми како што е прикажано во Графикон 1.

***Графикон 1***



За спроведување на активните програми и мерки наведени во Оперативниот план за 2011 година предвидени се следните извори на средства:

| Извори на финансирање | во (000) денари |
|---|---|
| Буџет на МТСП | 200.560 |
| Буџет на АВРМ | 21.600 |
| Буџет на АВРМ - потсметка за активни програми и мерки за вработување | 80.425 |
| Буџет на АВРМ - потсметка Посебен фонд | 176.500 |
| АВРМ - јавни огласи и соопштенија | 1.000 |
| Поврат на ДДВ од програми имплементирани од УНДП во ОП 2010 | 8.840 |
| УНДП – Економско јакнење на жени – жртви на семејно насилство | 10.464 |
| **ВКУПНО** | **499.379** |

4.1.1. Со владините документи[1] врз основа на кои е донесен Оперативниот план предвидено е подобрување на условите и можностите за вработување и намалување на невработеноста, подобрување на стандардот на живеење и изедначување на степенот на вклученост на сите слоеви од општеството. Со спроведените активни политики и мерки опфатени се 7.265 лица или 2,6% од вкупниот број на невработени евидентирани лица кој изнесува 281.144 лица за 2011 година. Од опфатените лица обврска за вработување има за 2.785 лице а останатите се вклучени во обуки.

Врз основа на анализата констатирано е дека од планираните средства реализирани се 432,620 илјади денари, или 87% од планираното, реализирани по програми, и тоа:

| РБ | Програми и мерки | Опфат на лица | Планирани средства (во 000 денари) | Реализирани средства (во 000 денари) |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Програма за самовработување | 700 | 147,500 | 208,097 |
| 2 | Програма за поддршка за формализирање на постојни бизниси | 250 | 47,000 | |
| 3 | Програма-Поддршка за дополнително вработување во фирми регистрирање преку самовработување 2007, 2008 и 2009 година и формализирање на постојни бизниси 2008 и 2009 година | 90 | 8,134 | 0 |
| 4 | Пилот програма - мобилност на работната сила | 20 | 3,700 | 0 |
| 5 | Програма за подготовка за вработување преку обука | 4906 | 0 | 0 |
| | 5.1 Обука , преквалификација или доквалификација на невработени лица за познат работовач | 156 | 3,475 | 4,035 |
| | 5.2 Обуки во работните клубови за стекнување на знаење | 1600 | 1,600 | 553 |
| | 5.3 Пилот-обука на евидентирани невработени млади лица до 29 години за познат работодавач во текстилна индустрија | 800 | 9,600 | 1,280 |
| | 5.4 Обука за одделни занимања кои се дефицитарни на пазарот на трудот | 170 | 9,996 | 9,477 |
| | 5.5 Обука за напредни вештини од областа на информациските технологии кои се дефицитарни на пазарот на трудот | 180 | 14,760 | 13,235 |
| | 5.6 Едукација за започнување на бизнис | 2000 | 0 | 0 |
| 6 | Субвенционирање на вработување | 855 | 0 | 0 |
| | 6.1. Субвенционирање на вработување | 655 | 58,950 | 20,715 |
| | 6.2. Субвенционирање на вработување на инвалидни лица | 200 | 176,500 | 154,941 |
| 7 | Програма за практиканство | 300 | 4,500 | 4,370 |
| 8 | Анкета на слободни работни места | 40 | 200 | 190 |
| 9 | Економско јакнење на жени - жртви на семејно насилство | 70 | 10,464 | 0 |
| 10 | Програма за поддршка на роми | 34 | 2,000 | 1,783 |
| | Јавни огласи и соопштенија | | 1,000 | 347 |
| | заостанат долг од 2010 година | | | **13,597** |
| | **Вкупно** | **7,265** | **499,379** | **432,620** |

## Препорака:

Заради зголемување на опфатот на невработените лица со овие активни програми и мерки, одговорното лице во соработка со надлежните органи да иницира зголемување на средства за оние активни програми и мерки кои врз основа на анализа покажале најголеми ефекти и резултати.

4.1.2. Врз основа на предвидените услови и критериуми за реализација на програмите во Оперативниот план, фирмите поддржани со дел од програмите имаат обврска да ги задржат вработените на работа и да ја вршат дејноста за која добиле средства најмалку една година од добивањето на средствата. Согласно Оперативниот план по изминување на овој период, вработените кои ќе останат без работа, како последица на отпуштање или прекин на дејноста, четири години не можат да се вратат во евиденцијата на невработени лица.
Доколку оваа пракса на не евидентирање на невработените од евиденција во период од четири години продолжи да се применува и во оперативните планови за наредните години, на долг рок ќе се изгуби реалната слика за бројот на невработените и ефикасноста на мерките во функција на намалување на невработеноста во Република Македонија.

4.1.3. Со ревизијата е констатирано дека заклучно со 2011 година не е направена целосна анализа на одржливоста и ефикасноста на активните програми и мерки, ниту се изготвени индикатори за ефикасност на истите. Агенцијата не води евиденција и не се прават долгорочни анализи за движењето на вработените лица со програмите и нивниот статус по истекот на предвидените рокови за нивно задолжително вработување.
Ревизијата се информира дека Министерството за труд и социјална политика во текот на 2012 година има спроведено анализа на дел од програмите од Оперативниот план и тоа: на програмата за самовработување, програмата „обука за познат работодавач“ и програмата „субвенции за вработување“, како дел од програмите кои имаат најголем опфат на корисници. Според информациите добиени од Министерството за труд и социјална политика анализата ќе биде земена во предвид при изготвување на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување за 2013 година.

### 4.2. Програма за субвенционирање на вработување на инвалидни лица - Посебен фонд

Во рамки на Оперативниот план предвидена е Програма за субвенционирање на вработување на инвалидни лица чија цел е социјализација на оваа категорија невработени лица и нивно интегрирање на пазарот на трудот преку доделување неповратни средства за:

- вработување на инвалидно лице на неопределено време;
- адаптација на работно место;
- набавка на опрема и
- работно оспособување на инвалидни лица заради вработување.

Финансирањето на Програмата согласно Законот за вработување на инвалидни лица, се врши со средства од Посебниот фонд (потсметка во

Агенцијата) во кој секој месец од вкупниот придонес за вработување се издвојуваат 10%.

Согласно овој Закон сите вработени во заштитното друштво, инвалиди на трудот како и оние кои не се инвалидни лица, се ослободуваат од плаќањето на персонален данок од доход и за нив се обезбедуваат средства за придонес за пензиско и инвалидско осигурување од Буџетот на Република Македонија.

Со Упатството[2] издадено од страна на Министерството за труд и социјална политика се уредува начинот на пресметка и исплата на плати и поврат на уплатените социјални придонеси за вработените опфатени со Законот. Согласно истото, Управата за јавни приходи по уплатата на придонесите од страна на корисниците на средствата, по електронски пат до Министерството доставува податоци за овие фирми, кое пак има обврска уплатените средства да ги рефундира на жиро сметката на фирмите до 30 во месецот за претходниот месец.

Ревизијата изврши посета на заштитни друштва корисници на средства од Посебниот фонд во повеќе општини при што е констатирано дека Министерството за труд и социјална политика нема извршено рефундација за исплатените придонесите за последните шест месеци. Имајќи предвид дека придонесите зафаќаат значајни средства во работењето на друштвата, особено во помалите, доцнењето на рефундацијата сериозно влијае врз функционирањето на друштвата и го загрозува нивното постоење. Ваквата состојба може да влијае дестимулативно на заштитните друштва, дотолку повеќе што согласно податоците добиени од Заедницата на заштитни друштва на Македонија во 2012 година постои тренд на намалување на бројот на истите.

**Препорака:**

Министерството за труд и социјална политика да ги преземе сите активности во врска со навременото рефундирање на средствата за исплатените придонеси од страна на работодавачите.

## 5. Ревизорски заклучок

Врз основа на извршената ревизија заклучивме дека спроведувањето на активните програми и мерки за вработување во сите материјални аспекти, е во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Ревизијата е на мислење дека активните мерки како една од алатките за реализирање на макроекономската политика во сферата на намалување на невработеноста, треба да продолжат во наредниот период со поголем интензитет и со ангажирање на поголеми финансиски средства.

[2] Упатство за начинот на пресметка и исплата на плати и поврат на придонеси од задолжително социјално осигурување за вработените во заштитните друштва, инвалидните лица кога самостојно вршат дејност како трговци поединци и другите работодавачи кои имаат вработено инвалидни лица

## Табеларен приказ на структурата на Оперативниот план за 2011 година

| | Назив и краток опис на програмите и мерките за вработување | | Планиран опфат на корисници | Реализиран опфат на корисници | Цел на програмата |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Поддршка за само-вработување | отварање на нови бизниси - самовработување со неповратни - грант средства | 700 | 700 | вработување |
| 2 | Програма за подршка за формализација на постојни бизниси | формализирање на постоечки бизниси - самовработување со неповратни - грант средства | 250 | 250 | вработување |
| 3 | Поддршка за дополнителни вработувања | финансиска поддршка на правни субјекти за вработување на невраб.лица - грант средства | 90 | 87 | вработување |
| 4 | Пилот програма - мобилност на работна сила | финансиска поддршка за вработување на невраб.лица надвор од местото на живеење - грант средства | 20 | 7 | вработување |
| 5.1 | Обука, преквалификација или доквалификација на невработени лица за познат работодавач | подготовка за вработување - обука на невраб.лица | 156 | 122 | обука |
| 5.2 | Обуки во работните клубови за стекнување на знаења и вештини (странски јазик и компјутери) | подготовка за вработување - обука на невработени лица | 1,600 | 991 | обука |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| *5.3* | Пилот - Обука на евидентирани млади лица до 29 години, за познат работодавач во текстилната индустрија | подготовка за вработување - обука на невработени лица | 800 | 98 | вработување |
| *5.4* | Обука за одделни занимања кои се дефицитарни на пазарот на трудот | подготовка за вработување - обука на невработени лица | 170 | 161 | обука |
| *5.5* | Обука за напредни вештини од областа на информациските технологии кои се дефицитарни на пазарот на трудот | подготовка за вработување - обука на невработени лица | 180 | 180 | обука |
| *5.6* | Едукација за започнување на бизнис | еднодневно советување за основите на водење на бизнис | 2,000 | 1,009 | обука |
| *6* | Субвенционирање | финансиска поддршка на правни субјекти за сувенционирано вработување на невраб.лица | 655 | 648 | вработување |
| *6.1* | Посебен фонд | вработување на инвалидни лица | 200 | 200 | вработување на инвалидни лица |
| *7* | Програма за практиканство како поддршка за прво вработување | практична работа на невработени лица кај правни субјекти | 300 | 282 | практиканти |
| *8* | Анкета за слободи работни места | ангажирање на невработени лица за спроведување на анкета од страна на АВРМ | 40 | 38 | привремен ангажман |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| *9* | Економско јакнење на жени жртви на семејно насилство | финансиска поддршка за вработување и обука на жени жртви - грант средства | 70 | 27 | вработување |
| *10* | Програма за поддршка за вработување на Роми | подготовка за вработување - обука на невработени лица | 34 | 23 | обука |
| | ***Вкупно*** | | 7,265 | 4,823 | |